Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА КУМАНОВО - KOMUNA E KUMANOVË

Бр.-Nr. 08 - 9830/18
24.08.2026
Куманово - Kumanovë

| | |
|---|---|
| Во акта / Në akta ______ | Арх.знак / shenja arkivore ______ |
| Рок на чување / Afati i ruajtjes ______ | Потпис / Nënshkrimi |
| ______ 20 ______ год./viti | |
| Куманово / Kumanovë | ______ |

Врз основа на Договорот за грант бр. **001920833 2024 10520 028 004 000 001-2 од 26.06.2026 година**, склучен помеѓу Европската комисија и Општина Куманово, како лидер на проектот „Просперитетни патишта на соработка / Pathways to Prosperity", во рамки на ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка Република Србија – Република Северна Македонија, согласно Работните одредби (Terms of Reference – TOR) за ангажирање на проектен тим, Јавниот повик за ангажирање на проектен тим објавен на ден **06.08.2026 година**, Одлуката за формирање на Комисија за селекција на кандидати бр. **08-9830/10 од 29.07.2026 година**, како и врз основа на Записникот од спроведената постапка за административна проверка и евалуација на пријавените кандидати со број 08-9830/17, Градоначалникот на Општина Куманово донесе:

# Одлука

## за избор на кандидат за ангажирање на работната позиција „Проектен менаџер"

### Член 1

За ангажирање на работната позиција **„Проектен менаџер"** за имплементација на проектот „Просперитетни патишта на соработка / Pathways to Prosperity", се избира: Александар Гумберовски

### Член 2

Кандидатот од член 1 на оваа Одлука ги исполнува условите и критериумите утврдени во Јавниот повик и Работните одредби (Terms of Reference – TOR) за ангажирање на проектен тим за имплементација на проектот.

Комисијата за селекција на кандидати, по извршената административна проверка и евалуација на доставената документација, констатира дека избраниот кандидат ги исполнува бараните услови и критериуми за работната позиција „Проектен менаџер".

### Член 3

Со избраниот кандидат ќе се склучи соодветен договор за ангажирање, согласно условите и правилата утврдени во проектната документација, Работните одредби (TOR), Договорот за грант и важечките прописи.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување

**Образложение:**

Врз основа на Јавниот повик за ангажирање на проектен тим за имплементација на проектот „Просперитетни патишта на соработка / Pathways to Prosperity", објавен на ден **06.08.2026 година**, беа предвидени, меѓу другите, и работните позиции **Проектен менаџер** и **Финансиски менаџер**.

Во предвидениот рок за поднесување на пријавите, за работната позиција „Проектен менаџер" беа доставени вкупно три (3) пријави.
Комисијата за селекција на кандидати, формирана со Одлука бр. **08-9830/10 од 29.07.2026 година**, изврши административна проверка и евалуација на доставената документација, согласно условите и критериумите утврдени во Јавниот повик и Работните одредби (TOR).
По извршената проверка и евалуација, Комисијата констатира дека кандидатот **Александар Гумберовски** ги исполнува условите и критериумите утврдени за работната позиција „Проектен менаџер" и предложи истиот да биде избран за ангажирање на наведената позиција.
Врз основа на утврдената фактичка состојба и предлогот на Комисијата, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Градоначалник**
**На**
**Општина Куманово**

**Максим Димитриевски**